Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 1 октомври 2024 година

Скопје, октомври 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 октомври 2024 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваа и Ирена Јованова Попова, државен советник во Секретаријатот за законодавство и Снежана Наџаковска, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како и Анита Стамнова, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија и нотар Методија Ристоски.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на

Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, оддржана на 10 септември 2024 година

- Усвојување на Записникот од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2024 година

1. Предлог на закон за изменување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, по скратена постапка

2. Предлог на закон за изменување на Законот за урбано зеленило, по скратена постапка

3. Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови, по скратена постапка

5. Предлог на закон за изменување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка

6. Предлог на закон за изменување на Законот за градење, по скратена постапка

7. Предлог на закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка

8. Предлог на закон за изменување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка

9. Предлог на закон за изменување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка

10. Предлог на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка

11. Предлог на закон за изменување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка

12. Предлог на закон за изменување на Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, по скратена постапка

13. Предлог на закон за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови, по скратена постапка

14. Предлог на закон за изменување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка

15. Предлог на закон за изменување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, по скратена постапка

16. Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка

17. Предлог на закон за изменување на Законот за скијалишта, по скратена постапка

18. Предлог на закон за изменување на Законот за домување, по скратена постапка

19. Предлог - програма за изменување на Програмата за фитосанитарна политика за 2024 година

20. Информација за обезбедени грант средства за изработка на Техничка студија за интеграција на пловечки фотоволтаични постројки во Националната мрежа за наводнување на Северна Македонија

21. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во период од 19.7.2023 година до 26.1.2024 година

22. Информација за статусот на реализација на проектите финансирани во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)

23. Информација за процесот на затворање на програмите за Транзициска помош и институционална надградба (TAIB) од ИПА I програмскиот период (2009-2013), исполнување на условите на одржливост на проектите и потребата за поврат на средства

24. Информација во врска со исплата на финансиски обврски произлезени од работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, со Предлог-одлука

25. Информација за потреба од прераспределба на софтверски лиценци од постоечки Договор за јавна набавка на стоки – софтверски лиценци

26. Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 30 септември 2024 година, со Записникот од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 23 септември 2024 година, со предлог – одлуки

27. Информација за одржувањето на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 4 октомври 2023 година, со прилози

28. Информација за потребата од склучување на Договор за грант помеѓу Банката за развој при Советот на Европа и Република Северна Македонија (проект „Подобрување на условите за учење во училиштата во Северна Македонија преку зелена енергија“), со усогласен текст на Договор

29. Информација за потреба од одржување и модернизација на системот за интегрирано планирање на ресурсите

30. Информација за потребата од реализација на софтверското решение за унифицирани веб - страници на Владата на Република Северна Македонија и министерствата

31. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3102, за КО Радишани, на КП бр.1768/1, викано место/улица „Падина“, Имотен лист бр.100607, за КО Радишани, на КП бр.1767/3, викано место/улица бр.1558 и Имотен лист бр.837, за КО Радишани, на КП бр.1754/3, викано место/улица бр.1558

32. Кадровски прашања

33. Прашања и предлози

34. Годишна сметка за 2022 година на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи

35. Предлог - фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2025 - 2029 година

36. Предлог - стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2025-2027 (со изгледи до 2029 година)

37. Предлог- одлука за воспоставување на Структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија

38. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Триесет и осмата одлука)

39. Предлог-одлука за формирање на Комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план

40. Информација во врска со одржување Собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 3 октомври 2024 година

41. Информација за потребата за изменување на Договорот бр.LOM/OU/2022/P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр.LOM/OU/2021/0153

42. Извештајот за извршените преговори во врска со Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан, со текст на Предлог-договор

43. Информација за подготовката на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 17 октомври 2024 година, со прилози

44. Информација за одржување на Светскиот Самит на Балканот „World Changers Balkan Summit“ на 12 и 13 октомври 2024 година, во Скопје

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, оддржана на 10 септември 2024 година и Записникот од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2024 година.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за урбано зеленило, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за урбано зеленило, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 3**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

## Точка 4

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

* * *

Службена белешка

По извршените усогласувања со Секретаријатот за законодавство од страна на Министерството за транспорт до Владата на Република Северна Македонија е доставен Предлог на закон за изменување на Законот за автокампови, по скратена постапка и истиот така е доставен до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 5

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 6**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за градење, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

* * *

Службена белешка

По извршените усогласувања со Секретаријатот за законодавство од страна на Министерството за транспорт до Владата на Република Северна Македонија е доставен Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка и истиот така е доставен до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

* * *

Службена белешка

Притоа, по усогласувањата со Секретаријатот за законодавство, новиот текст на Предлогот на закон е доставен, како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка и истиот е испратен во Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка, согласно член

175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на

Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за скијалишта, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за скијалишта, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за домување, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за домување, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за фитосанитарна политика за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедени грант средства за изработка на Техничка студија за интеграција на пловечки фотоволтаични постројки во Националната мрежа за наводнување на Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ги потпише сите документи (кореспонденција и времени ситуации/фактури) кон Официјалниот кредитен Институт Е.П.Е („Instituto de Crédito Official - ICO“) на шпанската Влада, неопходни за реализација на Договор за изработка на Техничка студија за интеграција на пловечки фотоволтаични постројки во Националната мрежа за наводнување на Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по изготвување на Техничка студија за интеграција на пловечки фотоволтаични постројки во Националната мрежа за наводнување на Северна Македонија, во рок од 30 дена, да ја информира Владата за резултатите од истата.

**Точка 21**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во период од 19.7.2023 година до 26.1.2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Донесе одлука да обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија на општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:

- На Општина Лозово, за природна непогода дожд, град и ветер на 28.5.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 38.593.915,00 денари.
- На Општина Кичево, за природна непогода пожар на 22.3.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 166.320,00 денари.
- На Општина Кичево, за природна непогода пожар на 2.8.2021 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 38.800,00 денари.
- На Општина Кичево, за природна непогода пожар на 21.2.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 335.840,00 денари.
- На Општина Кичево, за непогода пожар на 15.3.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 54.948,00 денари.
- На Општина Чешиново-Облешево, за елементарна непогода град на 24.8.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.342.000,00 денари.
- На Општина Ресен, за природна непогода земјотрес на 9.1 и 10.1.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 8.498.700,00 денари.

- На Општина Македонски Брод, со арх.бр.24-36 од 27.2.2023, за природна непогода град на 16.8.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 874.442,00 денари.
- На Општина Градско, за природна непогода мраз на 12 и 13 март 2022 година и на 12, 13 и 14 април 2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 61.072.200,00 денари.
- На Општина Демир Капија, за природна непогода град на 23.6.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 22.170.569,00 денари.
- На Општина Пехчево, за природна непогода поплава со силен ветер на 11 и 12.12.2021 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 329.680,00 денари.
- На Општина Битола, за непогода земјотрес на 9.1.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 35.690.926,00 денари.
- На Општина Валандово, за природна непогода луња и град на 28.7.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета 13.825.675,00 денари.
- На Општина Демир Хисар, за природна непогода град на 5.7.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 777.562,00 денари.
- На Општина Македонски Брод, со бр.24-48 за штета од лизгање на земјиште настаната на 24.1.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 121.853,00 денари.
- На Општина Кочани, за природна непогода град на 24.7.2022, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 175.635,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви предлог-одлуки за парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно заклучокот бр.1

3. Се укажува на општините Лозово, Кичево, Чешиново-Облешево, Ресен, Македонски Брод, Градско, Демир Капија, Пехчево, Битола, Валандово, Демир Хисар и Кочани, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства, до Владата да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета.

4. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да продолжи со постапката за проценка и утврдување на висините на штетите по предметите од општините наведени во информацијата од точки 2.1-2.8. (Велес, Старо Нагоричане, Тетово, Струмица, Долнени, Чаир, Пробиштип и Гевгелија) и 3.1-3.9 (Неготино, Кочани, Кавадарци, Битола, Велес, Гостивар, Сарај, Врапчиште и Аеродром) по пристигната коригирана документација и за истото да ја информира Владата по комплетирање и коригирање на документацијата.

5. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да ги информира општините од точките 4.1-4.3 (предмет од Шефкет Јусуфи доставен преку Општина Студеничани, Општина Студеничани и Општина Кавадарци), дека нема законска надлежност да постапува по предметите.

6. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да ги извести општините од точка 5 од информацијата (Могила, Ресен и Брвеница) за неможноста за постапување по предметите, поради истечени законски рокови за доставување на извештаите за утврдени штети до Владата, согласно Законот за заштита и спасување.

7. Се укажува на Општина Кавадарци, комплетната документација-Елаборатот за елементарна непогода суша, која ја зафатила Општина Кавадарци во месеците јуни, јули и август 2021 година, да ја достави до Бирото за процена при Министерството за правда, за да се изготви процената и во рок од 60 дена да ја достави проценката изготвена од Бирото до Комисијата за понатамошно постапување.

**Точка 22**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за статусот на реализација на проектите финансирани во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

**Точка 23**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за процесот на затворање на програмите за Транзициска помош и институционална надградба (TAIB) од ИПА I програмскиот период (2009-2013), исполнување на условите на одржливост на проектите и потребата за поврат на средства.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со исплата на финансиски обврски произлезени од работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од прераспределба на софтверски лиценци од постоечки Договор за јавна набавка на стоки – софтверски лиценци и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија како договорен орган, по добивање на согласност за прифаќање на прераспределбата од страна на носителот на набавката/производителот, да склучи анекс на Договорот за јавна набавка на стоки – софтверски лиценци и анекс на Договорот со производителот на софтверските лиценци со број 97E60007 од 15.9. 2023 година.

2. Се овластува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише Анексот на Договор за јавна набавка на стоки – софтверски лиценци, како и Анексот на Договорот со производителот на софтверските лиценци со број 97E60007 од 15.9.2023 година.

**Точка 26**

Владата го разгледа Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 30 септември 2024 година, со Записникот од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 23 септември 2024 година, со предлог – одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 30 септември 2024 година.

2. Ја разгледа Предлог-одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Периодот на постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка на затворската полиција во Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово.

5. Се задолжува Министерството за здравство да организира поддршка на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово со здравствен персонал од општа и медицина на трудот за времетраењето на кризната состојба.

6. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да организира поддршка на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово од областа на психосоцијалната заштита за времетраењето на кризната состојба.

7. Ја разгледа Предлог - одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

8. Периодот на постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, е во траење од 30 дена.

9. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесените Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

10. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадените предлози на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата на Република Северна Македонија заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во поддршка на полицијата за справувањето со кризните состојби.

11. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

12. Се задолжува Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи да одржи седница, на која покрај членовите да присуствуваат и Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и Александар Пандов, директор на Управата за извршување на санкциите, на која ќе се разгледа објективната состојба со која се соочува Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово и потребата од обезбедување на финансиски средства за нови вработувања, како и материјално технички средства и опрема неопходни за одржување на редот и безбедноста на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со цел да изнајдат соодветни предлог - решенија кои ќе бидат разгледани на некоја од наредните седници на Владата.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за одржувањето на дваесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 4 октомври 2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и најдоцна до 31 декември 2024 година до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд да ја преведе на англиски јазик Стратегијата за промоција на извозот 2023 – 2027 и веднаш да ја достави до Министерството за европски прашања со цел испраќање до Европската комисија.

3. Се задолжува Министерството за правда да подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик за понатамошно усогласување со Директивата на ЕУ за сузбивање измами извршени против финансиските интереси на Унијата со казнено-правни средства (ЕУ 2017/1371) и да го достави до Владата до 31 декември 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно-приватно партнерство и да го достави до Владата до 31 декември 2024 година.

5. Се укажува на Фискалниот совет да изработи анализа на среднорочната Фискална стратегија 2025-2029 година, најдоцна до 31 декември 2024 година.

**<u>Точка 28</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант помеѓу Банката за развој при Советот на Европа и Република Северна Македонија (проект „Подобрување на условите за учење во училиштата во Северна Македонија преку зелена енергија“), со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант помеѓу Банката за развој при Советот на Европа и Република Северна Македонија.

2. Ја овласти проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука да го потпише Договорот за грант помеѓу Банката за развој при Советот на Европа и Република Северна Македонија.

**<u>Точка 29</u>**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потреба од одржување и модернизација на системот за интегрирано планирање на ресурсите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на повеќегодишни финансиски обврски за одржување и модернизација на системот за интегрирано планирање на ресурсите (ИПР систем), во вкупна вредност од 21.476.000,00 денари, без вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 12.567.000,00 денари, без вклучен ДДВ, во 2025 година и
- 8.909.000,00 денари, без вклучен ДДВ, во 2026 година.

2. Го задолжи Министерството за дигитална трансформација да обезбеди средства за реализација на предметната јавна набавка, во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во рамки на Раздел 17001 Министерството за дигитална трансформација, Програма Н, Потпрограма НА, Ставка 424, во вкупна вредност од 21.476.000,00 денари, без вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 12.567.000,00 денари, без вклучен ДДВ, во 2025 година и
- 8.909.000,00 денари, без вклучен ДДВ, во 2026 година.

3. Го задолжи Министерството за дигитална трансформација да ги прикаже буџетските средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерството за дигитална трансформација, Програма Н, Потпрограма НА, Ставка 424, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

4. Го задолжи Министерството за дигитална трансформација да спроведе постапка за јавна набавка и да склучи договор за истата.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за дигитална трансформација да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, финансиските средства да ги обезбеди во рамките на постоечкиот буџет на Министерството, за 2025 и 2026 година.

<u>Точка 30</u>

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од реализација на софтверското решение за унифицирани веб - страници на Владата на Република Северна Македонија и министерствата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да го координира проектот за Изработка на унифицирани веб - страници на Владата на Република Северна Македонија и министерствата.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура и туризам, Министерството за јавна администрација, Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за спорт, во рок од седум дена да доставaт до

Министерството за дигитална трансформација номинација на контакт лица за администрирање на софтверското решение за унифицирани веб - страници на Владата на Република Северна Македонија и министерствата.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да обезбеди средства за реализација на јавна набавка за Набавка на софтверско решение за унифицирани веб - страници на Владата на Република Северна Македонија и на министерствата, во рамки на сопствениот буџет за 2025 година, во рамки на Раздел 17001 Министерство за дигитална трансформација, Програма Н, Потпрограма НА, Ставка 485, во износ од 3.500.000,00 денари, согласно укажувањето на Министерството за финансии.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да спроведе и да реализира постапка за јавна набавка за Набавка на софтверско решение за унифицирани веб - страници на Владата на Република Северна Македонија и на министерствата.

## Точка 31

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3102, за КО Радишани, на КП бр.1768/1, викано место/улица „Падина", Имотен лист бр.100607, за КО Радишани, на КП бр.1767/3, викано место/улица бр.1558 и Имотен лист бр.837, за КО Радишани, на КП бр.1754/3, викано место/улица бр.1558 и по Понудата ги усвои негативните мислења на ЈП за стопанисување со пасишта и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето од Министерството за транспорт.

## Точка 32

Владата заклучи:

1. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје ги отповика:

- Димитар Цеков и
- Едмонд Калиќи од независен и предложен од страна на синдикалната организација.

1.1. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје ги избра:

- Горан Јандреоски и
- Милорад Милановиќ за независен и предложен од страна на синдикалната организација.

2. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, на нивно барање ги отповика:

- Мирослав Тричковиќ и
- Маријана Китановска од независен член.

2.1. Владата за членови на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје ги избра:

- Александра Нениќ Кирилова и
- Ивица Алексовски за независен член.

3. Владата го именува Мустаф Весељи за Национален координатор за регионална соработка и европски интеграции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4.Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија ги разреши:

- Перса Наумовска,
- Иса Хоти,
- Горан Митановски,
- Мирче Јанев,
- Фикрет Ибраими,
- Маја Богеска и
- Сашко Иванов.

4.1. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија ги именува:

- Наталија Трендафилова,
- Константин Кратовалиев,
- Елена Јаневска,
- Дарко Стојковски,
- Сузана Камческа,
- Игор Исаиловски и
- Љутвије Весели.

5. Владата го разреши Фуркан Болеци од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

6. Владата ја именува Билјана Димитрова за вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Бесир Деари од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии.

8. Владата го именува Иљбер Имери за вршител на должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата.

9. Владата го разреши Далибор Таневски од должноста член на Управниот одбор на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес, на негово барање.

9.1. Владата ја именува Розета Марковска Ристова за член на Управниот одбор на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес.

10. Владата ја отповика Елена Паговска Пелтековски од должноста претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Тутунски комбинат АД Прилеп.

11. Владата ја именува Андреа Ѓошевска за претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Тутунски комбинат АД Прилеп.

11.1 Владата согласно член 392 од Законот за трговски друштва, го ополномошти претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Тутунски комбинат АД Прилеп, Андреа Ѓошевска, да присуствува на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.
Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

12. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ ги разреши:

од редот на афирмирани и стручни лица
- Александар Поповски,
- Александар Стојановски,
- Есат Шаќири, поради истек на мандатот и
- Ивица Јованоски.

од редот на вработените

- Снежана Кузманоска,
- Андон Стефановски и
- Валентина Алексовска.

12.1. Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ ги именува:

од редот на афирмирани и стручни лица

- Лидија Аврамоска,
- Радица Лазарова Ќурчинска,
- Дритан Адеми и
- Стефани Најденовска Димовска.

13. Владата од должноста членови и в.д. член на Одборот за контрола на материјално-финанансиско работење на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ ги разреши:

- Милица Трпчевска,
- Илвије Јашари,
- Елез Елези,
- Вахид Ферат од в.д. член и
- Филип Цанев.

13.1. Владата за вршители на должност членови на Одборот за контрола на материјално-финанансиско работење на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ ги именува:

- Мартина Богданова,
- Бранко Момироски,
- Зоран Ѓоргиев,
- Беким Алити и
- Шенур Османи.

14. Владата го разреши Мирван Џемаиљи од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

15. Владата ја именува Шпреса Селими за вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата ја разреши д-р Билјана Кузмановска од должноста вршител на должноста национален координатор за трансплантација.

17. Владата за национален координатор за трансплантација по објавен оглас на предлог на министерот за здравство, со мандат од четири години ја избра проф. д-р Билјана Кузмановска, специјалист анестезиолог, супспецијалист по клиничка фармакотерапија.

18. Владата за заменик на националниот координатор за трансплантација по објавен оглас на предлог на министерот за здравство, со мандат од четири години ја избра асс. д-р Александра Гавриловска -Брзанов, асистент на Медицинскиот факултет при УКИМ, специјалист анестезиолог, супспецијалист по педијатриска анестезија.

19. Владата ја разреши Азра Тутиќ од должноста член на Управен одбор на Државниот испитен центар, претставник од Центарот за стручно образование и обука, поради истек на мандатот.

19.1. Владата за членови на Управниот одбор на Државниот испитен центар ги именува:

- Емилија Бошковска, претставник од редот на вработените во Државниот испитен центар и
- Бојана Политова, претставник од Центарот за стручно образование и обука.

20. Владата ја разреши Дона Димов Марковска од должноста член на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, претставник од здруженија на работодавачи.

20.1.Владата ја именува Тамара Ристеска за член на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, на предлог на Организацијата на работодавачи.

21. Владата го именува Исмаил Демировиќ за директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, орган во состав на Министерството за односи меѓу заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

22. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп за членови на Одборот на директори да ги избере:

-за извршни членови на Одборот на директори:
- Александар Алексовски
- Зоран Петрески и
- Афродита Настеска

-за неизвршни членови на Одборот на директори:
- Сашко Вељаноски, за претседател на Одборот на директори
- Афродита Баталоска и
- Гоце Николоски

Истовремено, Владата го задолжи повереникот - претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Тутунски комбинат АД Прилеп, Андреа Ѓошевска овие предлози да ги даде на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

23. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица" – Кичево за вршител на должноста заменик на директорот на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица" – Кичево да го избере Вулнет Ибрахими.

24. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Управа за јавни приходи.

25. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Царинската управа.

*

* *

Владата заклучи да не се реализира предлогот од Кадровските прашања даден на Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 октомври 2024 година, под Точка 12, со која Владата заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп за неизвршен член на Одборот на директори да го избере Ѓорѓи Дончев.

**Точка 33**

**1.** Владата на предлог на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, ги задолжи министерствата кои членуваат во Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, сите материјали кои ги доставуваат во владина постапка претходно да ги доставуваат на мислење до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

**2.** Владата на предлог на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, се информираше со интегрираниот дел на порталот е-влада – заклучоци и активности, односно делот на доставување материјали во владина постапка и постапување на институции по задолженија/заклучоци од седниците на Владата.

**3.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Љупчо Димовски ги информираше членовите на Владата за започнатата активност од страна на ЕВН Македонија АД Скопје, во врска со поставување на нови 115 (сто и петнаесет) бандери во заштитеното природно подрачје Јасен, со што половина од селата во Македонски Брод, како и објектите на Министерството за одбрана и на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“, ќе бидат со нормално напојување со електрична енергија.

**4.** Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, а во врска со слободниот простор по објекти и податоци за институции кои користат канцелариски простории по објекти на времено користење, заклучи:

- Се задолжуваат сите државни институции кои немаат доставено податоци, веднаш да ја информираат Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија за исполнетоста на канцелариските простории, односно, просторните потреби, според бројот на вработени, а согласно добиените податоци од институциите, Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави информација.

**5.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, ги информираше членовите на Владата за одржаниот состанок со претставниците на Синдикатот за образование, наука и култура, а со цел подобрување на стандардот на вработените во овие дејности.

**6.** Владата по укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, заклучи материјалот - Укажување од генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, а се однесува на доследно почитување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, во однос на материјалите кои се доставуваат за разгледување во владина постапка, повторно да се разгледа на наредната седница на Владата.

**7.** Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, а во врска со одземениот канцелариски простор и потребата за итно доделување на недвижен имот/канцелариски простор на трајно користење на Државната комисија за жалби по јавни набавки, ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да одржи координативен состанок со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и на наредната седница на Владата да понудат конкретно решение за проблемот со кој се соочува Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**8.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, ги информираше членовите на Владата, дека последниот четврток од октомври, односно на 31 октомври 2024 година, во Собранието на Република Северна Македонија ќе одржи седница за поставување на пратенички прашања.

**9.** Владата, по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а во врска со Барањето од градоначалникот на Општина Македонски Брод, за отстапување на извесен соодветен гаражен простор кој го користи Дирекцијата за

заштита и спасување, погоден за гаражирање на новото противпожарно возило на Општина Македонски Брод, заклучи:

- Се задолжуваат Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за одбрана и Општина Македонски Брод да ја разгледаат можноста за отстапување на истиот на Општина Македонски Брод и за таа цел до Владата да достават соодветен предлог.

## Точка 34

Владата ја разгледа Годишната сметка за 2022 година на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Ревизорскиот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Централниот регистар на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители на активностите за надминување на забелешките и мислењето со резервна на ревизорот.

2. Се задолжува Централниот регистар на Република Северна Македонија при изготвување на Годишната сметка за 2023 година да извести за состојбата со вишокот на средствата за 2022 година и дали истите се уплатени во буџетот согласно член 26 од Законот за централен регистар.

## Точка 35

Владата ја разгледа Предлог - фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2025 - 2029 година, ја донесе Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2025 - 2029 година и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија и Фискалниот совет на Република Северна Македонија, за информирање.

## Точка 36

Владата ја донесе Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2025-2027 (со изгледи до 2029 година).

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување на Структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и осмата одлука).

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 3 октомври 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти Горан Николов, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 3 октомври 2024 година, со почеток во 15:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Заклучоците да се доставаат до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 3 октомври 2024 година, односно да гласа како што е утврдено во четвртиот и петтиот заклучок.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести ЕВН Македонија АД Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје.

4. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА“, и тоа по однос на точките:
1) Отворање на седницата на Собранието на акционери;
2) Избор на претседавач на Собранието на акционери;
3) Именување на нотар за водење на Записник на Собранието на акционери и
4) Избор на бројач/и на гласови.

5. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:

- за точка 1 „Предлог-одлука за отповикување на член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје“, да гласа „ЗА“.
- за точка 2 „Предлог-одлука за избор на нов член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје“, да гласа „ЗА“.
- за точка 3 „Разно“ да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за изменување на Договорот бр.LOM/OU/2022/ P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр.LOM/OU/2021/0153 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Амандманот бр.1 на Договорот бр.LOM/OU/2022/ P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр.LOM/OU/2021/0153 (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

2. Се овластува Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Амандманот бр.1 на Договорот бр.LOM/OU/2022/ P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр.LOM/OU/2021/0153.

3.Се задолжува Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија пред склучување на Амандманот бр.1 на Договорот бр.LOM/OU/2022/ P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр.LOM/OU/2021/0153, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 42

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори во врска со Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан, со текст на Предлог-договор, го усвои Извештајот и го прифати усогласениот текст на Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 17 октомври 2024 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува м-р Андрија Алексоски од Министерството за финансии за претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија до 2 октомври 2024 година.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Светскиот Самит на Балканот „World Changers Balkan Summit“ на 12 и 13 октомври 2024 година, во Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за здравство во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да ги преземат потребните активности во врска со организацијата и одржувањето на Светскиот самит на Балканот на 12 и 13 октомври 2024 година.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**